**Н А Ц Р Т**

# З А П И С Н И К
**од Шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 април 2025 година**

**Скопје, април 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 април 2025 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседавше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Горан Минчев, министер за јавна администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Дережан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Максим Ацески, главен државен ревизор, д-р Стојан Славески, вршител на должноста директор на Дирекција за безбедност на класифицирани информации, Оливера Трајковска, директор на Комисија за односи со верски заедници и религиозни групи и

Даниела Јовчевска Михајловска, вршител на должноста директор на Државен испитен центар - Скопје.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од Шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2025 година**

**- Усвојување на Записникот од Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 март 2025 година**

1. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Реализација на капиталните инвестиции финансирани преку буџетот на Република Северна Македонија, ЕУ фондови и средства од други меѓународни финансиски институции во надлежност на централната власт и локалната самоуправа“

2. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осма одлука)

3. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деветта одлука)

4. Информација за престанок на статусот на организација од јавен интерес на Здружение Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово-Пласница, со Предлог-решение

5. Извештај за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2024 година

6. Годишен извештај за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, за период од 1 јануари до 31 декември 2024 година

7. Годишен извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2024 година

8. Статут на Јавната научна установа Институт за интелектуална сопственост - Скопје, со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје)

10. Деловен и Финансиски извештај за 2023 година на Песталоззи фондација детско село со седиште во Троген, Швајцарија, подружница во Скопје, со статус на организација од јавен интерес

11. Деловен извештај за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година и Финансиски извештај за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година на Песталоззи Фондација детско село од Троген, Швајцарија, подружница во Скопје, со статус на организација од јавен интерес

12. Предлог на закон за изменување на Законот за фитофармација(*)

13. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Јовановска и други против Северна Македонија А бр.40562/23 и 21 друга апликација против Северна Македонија, со прилог

14. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Кипријановски и други против Северна Македонија А. бр. 31861/23 и 12 други апликации против Северна Македонија, со прилози

15. Информација за потребата од потпишување на Пакети за сервисна поддршка меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации, претставувана од НАТО Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации, разузнавање, набљудување и извидување, со Пакети за сервисна поддршка

16. Информација со Предлог-концепт за организација на Ресурсен центар за поддршка на општините

17. Информација по доставено Барање за давање одобрение за основање приватна установа за деца - детска градинка „Филос - Литл Ленгуич Лернерс“ - Скопје, со Предлог-одлука

18. Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование со ослободување од партиципација на деца Роми од семејства во социјален ризик за период од 1 септември 2024 година до 31 декември 2024 година

19. Информација за реорганизација на Фондот за иновации и технолошки развој и предлог за спојување со Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија

20. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.10/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 50 став 2 во деловите „и стручно лице – тренер" и „други податоци што се значајни за остварениот резултат" од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24)

21. Иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед бр.50-1909/4 од 18 февруари 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.38/25), поднесени од Јован Стефановски (УЗ бр.11/2025) и д-р Валентин Пепељуговски и м-р Бојан Стоилков (УЗ бр.13/2025)

22. Кадровски прашања

23. Прашања и предлози

24. Информација со Акциски план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард"

25. Информација во врска на Извештајот за конкурентност за 2024 година на државите од Западен Балкан од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) - Извештај со предлог-мерки за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во димензија 6 (Образование)

26. Акциски план со предвидени и преземени активности од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај бр.22-343/8 од 16 април 2024 година

27. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во период од 1 октомври до 31 декември 2024 година

28. Извештај за работата на Државниот испитен центар за 2024 година, со Годишен финансиски извештај за 2024 година за Буџетска сметка 160026150660319 и Сметка самофинансирачки активности 160026150678716

29. Информација за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за европски прашања на Република Северна Македонија и Министерството за европски прашања на Унгарија, со прилози и усогласен текст на Меморандум

30. Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност и здравје при работа, по скратена постапка

31. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита од вознемирување на работно место

32. Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи

33. Предлог-уредба за управување со јавни инвестиции

34. Информација во врска со доставените писма за интерес од единиците на локалната самоуправа за потребата од набавка на еколошки автобуси за јавен превоз, со табеларен преглед

35. Информација за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на 120 еколошки автобуси за градски превоз

36. Предлог-одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Е2 - комунална супструктура - станица за технички преглед на возила)

37. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Имотен лист бр.87906)

38. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Имотен лист бр.87939)

39. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Имотен лист бр.17195)

40. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Куманово (Имотен лист бр.87838)

41. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Аеродром (Имотен лист бр.173362)

42. Информација за спроведување и задолжување согласно склучен договор за набавка на изворен код, одржување и модернизација на информационен систем за управување со човечки ресурси ИСУЧР, со прилози

43. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање (МоР) за економска соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединети Арапски Емирати, со усогласен текст на Меморандум

44. Информација за статусот на реализација на чекорите од Реформската агенда 2024-2027 со рок јуни 2025 година (заклучно со 8 април 2025)

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2025 година и Записникот од Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 март 2025 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Реализација на капиталните инвестиции финансирани преку буџетот на Република Северна Македонија, ЕУ фондови и средства од други меѓународни финансиски институции во надлежност на централната власт и локалната самоуправа", како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД), Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање и Јавното претпријатие за државни патишта, да подготви табела/акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај, проекти и институции задолжени за реализација на капитални инвестиции финансирани преку Буџетот на Република Северна Македонија, ЕУ фондови и средства од други меѓународни финансиски институции во надлежност на централна власт и локалната самоуправа, со цел да се организира состанок со кој ќе раководи проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, на кој е потребно да бидат присутни сите институции кои се корисници на ваков тип на проекти и средства и од кој ќе произлезат насоки/заклучоци кои ќе се разгледаат на посебна-тематска седница на Владата.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осма одлука).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деветта одлука).

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на статусот на организација од јавен интерес на Здружение Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово-Пласница, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за престанок на статус на организација од јавен интерес на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово - Пласница.

**Точка 5**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2024 година.

**Точка 6**

Владата го разгледа и усвои Годишниот извештај за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, за период од 1 јануари до 31 декември 2024 година.

**Точка 7**

Владата го одложи од разгледување Годишниот извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2024 година, за наредната седница на Владата, поради потребата истиот да се разгледа во присуство на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Истовремено, Министерството за финансии да потврди дека Извештајот за работа во дел VI.Финансиско работење на Фондот е усогласен со трезорската евиденција за остварени приходи и реализирани расходи на Фондот, како и со податоците презентирани во Завршната сметка.

**Точка 8**

Владата го разгледа Статутот на Јавната научна установа Институт за интелектуална сопственост - Скопје, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната научна установа Институт за интелектуална сопственост – Скопје.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје).

**Точка 10**

Владата ги разгледа и усвои Деловниот и Финансискиот извештај за 2023 година на Песталоззи фондација детско село со седиште во Троген, Швајцарија, подружница во Скопје, со статус на организација од јавен интерес.

**Точка 11**

Владата ги разгледа и усвои Деловниот извештај за период од 1.1. 2022 година до 31.12.2022 година и Финансискиот извештај за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година на Песталоззи Фондација детско село од Троген, Швајцарија, подружница во Скопје, со статус на организација од јавен интерес.

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за фитофармација(*), го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Фљакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Борче Серафимовски, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Даниела Иротова Лазарева, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Јовановска и други против Северна Македонија А бр.40562/23 и 21 друга апликација против Северна Македонија, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Јовановска и други против Северна Македонија А бр.40562/23 и 21 друга апликација против Северна Македонија (како во Табелата во прилог, составен дел на Информацијата).

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на 70 апликанти од предметите Јовановска и други против Северна

Македонија А бр.40562/23 и 21 друга апликација против Северна Македонија, ќе им исплати вкупен износ од 36.210 евра во денарска противвредност или поединечно по апликација, односно по апликант-износот наведен во табелата во прилог, составен дел на Информацијата.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантите во предметите Јовановска и други против Северна Македонија А бр.40562/23 и 21 друга апликација против Северна Македонија да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ, кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Ципријановски и други против Северна Македонија А. бр. 31861/23 и 12 други апликации против Северна Македонија, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Ципријановски и други против Северна Македонија А. бр. 31861/23 и 12 други апликации против Северна Македонија (како во табелата во прилог, составен дел на Информацијата).

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на 44 апликанти од предметите Ципријановски и други против Северна Македонија А. бр. 31861/23 и 12 други апликации против Северна Македонија, ќе им исплати вкупен износ од 34.320 евра во денарска противвредност или поединечно по апликација, односно по апликант - износот наведен во табелата во прилог, составен дел на Информацијата.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите, во предметите Ципријановски и други против Северна Македонија А. бр. 31861/23 и 12 други апликации против Северна Македонија, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Пакети за сервисна поддршка меѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации претставувана од НАТО

Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации, разузнавање, набљудување и извидување, со Пакети за сервисна поддршка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Ги прифати Пакетот за сервисна поддршка (SSP) за обезбедување на CIS (комуникациско информациски системи) услуги на постојаната делегација на Република Северна Македонија во Штабот на НАТО (NHQ) за 2025 година, Пакетот за сервисна поддршка (SSP) за услуги за комуникациски и информациски системи (CIS) за Република Северна Македонија за 2025 година и Пакетот за сервисна поддршка за делегацијата во SHAPE за 2025 година.

2. Се задолжуваат сите министерства како и агенции кои се вклучени во сервисните пакети да ги плаќаат соодветно своите обврски кон Министерството за одбрана.

3. Се овластува Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана да го потпише: Пакетот за сервисна поддршка (SSP) за обезбедување на CIS (комуникациско-информациски системи) услуги на постојаната делегација на Република Северна Македонија во Штабот на НАТО (NHQ) за 2025 година, Пакетот за сервисна поддршка (SSP) за услуги за комуникациски и информациски системи (CIS) за Република Северна Македонија за 2025 година и Пакетот за сервисна поддршка за делегацијата во SHAPE за 2025 година.

**Точка 16**

Владата повторно ја разгледа и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Концептот за Ресурсен центар за поддршка на општините.

2. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да обезбеди финансиски средства во износ од 5.000000,00 денари во Програма 40 Активности поврзани со децентрализација, Потпрограма 46 Субвенции и трансфери, Ставка 464 Разни трансфери од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за вкрстување со донаторски средства во функција на финансирање на Ресурсен центар за поддршка на општините.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за давање одобрение за основање приватна установа за деца - детска градинка „Филос - Литл Ленгуич Лернерс“ - Скопје, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца- детска градинка „Филос -Литл Ленгуич Лернерс“ – Скопје.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за инклузија на деца Роми во предучилишно образование со ослободување од партиципација на деца Роми од семејства во социјален ризик за период од 1 септември 2024 година до 31 декември 2024 година, ја усвои и го задолжи Министерството за социјална политика, демографија и млади во јули 2025 година

да ја информира Владата за напредокот на имплементација на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“.

**Точка 19**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за реорганизација на Фондот за иновации и технолошки развој и предлог за спојување со Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за дигитална трансформација и Министерството за економија и труд.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.10/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 50 став 2 во деловите „и стручно лице – тренер“ и „други податоци што се значајни за остварениот резултат“ од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24) и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со наводите од точка А) на Иницијативата, се укажува дека членот 50 се однесува на верификацијата на спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија.

Имено, согласно член 50 став 1 и став 2 од Законот за спортот, верификацијата на спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија, врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот. Националните спортски федерации се должни навреме да достават комплетна документација за предложените кандидати за категоризирани спортисти. Податоците особено треба да содржат: меѓународен календар на светската или европската федерација, билтен од меѓународниот натпревар, а доколку е остварен рекорд и записник и стручно лице - тренер, кој го води спортистот или екипата, адреса, електронска пошта, веб-страница на Меѓународната спортска федерација и други податоци што се значајни за остварениот резултат.

Согласно посочената законска одредба, верификацијата ја врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот. Со ставот 2 се определува документацијата која ја доставува Националната спортска федерација за предложените кандидати за категоризирани спортисти, односно содржина на податоците.
Фактот дека верификацијата се однесува на спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија подразбира остварен резултат во светски и меѓународни натпреварувања.

Од наводите во Иницијативата произлегува дека подносителот на Иницијативата ја оспорува одредбата од член 50 став 2 од Законот за спортот, бидејќи не е соодветно прецизирана, поради што спортистот не би можел да се стекне со називот „категоризиран спортист“ во една и иста категорија во спортот во меѓународен натпревар или национален натпревар, а не

дека се работи за одредба која не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со наводите од точка Б), законодавецот во член 50 став 2 јасно и концизно определил што особено треба да содржат податоците со цел верификација на спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија.

Оттука, од посочената одредба произлегува дека податоците особено треба да содржат: меѓународен календар на светската или европската федерација, билтен од меѓународниот натпревар, а доколку е остварен рекорд и записник и стручно лице - тренер, кој го води спортистот или екипата, адреса, електронска пошта, веб-страница на Меѓународната спортска федерација.

Додека пак, другите податоци што се значајни за остварување на резултатот се во зависност од спортистот или екипата, како и спортските натпревари и активности, што подразбира дека се што ќе се наведе како податок е значајно за оствареniот спортски резултат и претставува податок кој е битен за одреден спортист или учесник во спортот, односно спортскиот натпревар од одредена категорија на спортот, а кој би се стекнал со називот „категоризиран спортист".

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорената одредба од Законот за спортот, е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 50 став 2 во деловите „и стручно лице – тренер" и „други податоци што се значајни за остварениот резултат" од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24).

**<u>Точка 21</u>**

Владата ги разгледа иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед бр.50-1909/4 од 18 февруари 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.38/25), поднесени од Јован Стефановски (УЗ бр.11/2025) и д-р Валентин Пепељуговски и м-р Бојан Стоилков (УЗ бр.13/2025) и притоа го утврди следното мислење:

1. Од страна на Јован Стефановски, под УЗ бр.11/2025 била поднесена Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија на 18 февруари 2025 година, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.38/25), влезена во

сила на 20.2.2025 година, со предлог Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе итна постапка за оценување на уставноста на предметната одлука и истата да ја укине или поништи, како и да донесе Решение за запирање на извршувањето на поединечните дејствија преземени врз основа на оспорената одлука.

Согласно наводите во Иницијативата, предлагачот укажува дека била проблематична постојаната практика на носењето на вакви правни акти, во функција на наводна стабилизација на пазарот во услови на високи цени наметнати од производителите на храна и хемиско/козметички производи, така и од трговците на големо и трговците на мало, дека во оспорената Одлука не била содржана причината поради којашто се донесува конкретната одлука во смисла на повикување на некоја од алинеите од ставот 1 на член 29 од Законот за трговија (*), односно дека Владата на Република Северна Македонија не презентира каков било аргумент и анализа за нарушување на домашниот пазар заради злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки, што според предлагачот на Иницијативата, ваквата Одлука ја прави произволна и спротивна на начелото на Уставот на Република Северна Македонија за слободна пазарна економија, односно слобода на пазарот и претприемништвото.

Воедно, според предлагачот, оспорената Одлука не е во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеи 3 и 7, членот 50, членот 51 и членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Оттука, Владата на Република Северна Македонија смета дека ваквата Иницијатива е во целост правно неоснована, поради тоа што Владата на Република Северна Македонија, врз основа на членот 30 став 1 алинеи 1 и 6 од Законот за трговија (*), на седницата, одржана на 18 февруари 2025 година донесе Одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.38/25).

Со оваа одлука се определени посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед.

Имено, со Одлуката се утврдува највисока бруто профитна маржа за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец во трговијата на големо и трговијата на мало и тоа:
- за стоките од член 1 од точка 1) до точка 8) од Одлуката (најосновните прехранбени производи - леб, брашно, млеко, јогурт, кисело млеко, јајца и масло за јадење) во износ од 5%,
- за стоките од член 1 од точка 9) до точка 64) од Одлуката (останати прехранбени производи и пијалаци) во износ од 10% и
- за стоките од член 1 од точка 65) до точка 102) од Одлуката (свежо овошје и зеленчук и средства за хигиена) во износ од 15%.

Дополнителна обврска за сите чинители во синџирот за снабдување е да прибавуваат и продаваат месечно на потрошувачите во количина од најмалку 70% од количината

прибавена (трговците на мало), односно продадена (трговците на големо), во јануари 2025 година.

Согласно членот 5 од Одлуката, рокот за применување на оваа одлука е до 30 април 2025 година.

Според член 8 став 1 алинеи 3 и 7 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се владеењето на правото и слободата на пазарот и претприемништвото.

Согласно член 50 од Уставот на Република Северна Македонија, секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност. Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања. Граѓанинот има право да биде запознаат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

Според член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 55 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Имено, Владата на Република Северна Македонија смета дека се неосновани наводите на предлагачот во Иницијативата, дека Одлуката е произволно донесена, односно дека во оспорената Одлука не е содржана причината поради којашто се донесува конкретната одлука во смисла на повикување на некоја од алинеите од ставот 1 на член 29 од Законот за трговија (*).

Имено, Одлуката е донесена имајќи го предвид членот 29 став 1 алинеја 3 од Законот за трговија (*), според кој „Владата може привремено да го ограничи вршењето на трговијата во случај нарушување на домашниот пазар заради злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки“.

Со оглед дека законското овластување за Владата на Република Северна Македонија да може да ги пропише конкретните мерки преку донесување на предметната одлука, односно изречен правен основ за нејзино донесување е утврдено во член 30 став 1 алинеи 1 и 6 од Законот за трговија (*), а не во член 29 став 1 алинеја 3 од Законот за трговија (*), во кој е утврдена причината поради која привремено се ограничува вршењето на трговијата, се укажува дека истата не е наведена во оспорената одлука, од причина што не претставува предмет на уредување на истата според законскиот основ, а причината беше соодветно елаборирана во Образложението за донесување на предметната одлука.

Воедно, се укажува дека не се основани и наводите на предлагачот на Иницијативата дека во Одлуката, Владата на Република Северна Македонија не презентира каков било аргумент и анализа за нарушување на домашниот пазар заради злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки, што според предлагачот на Иницијативата ваквата Одлука ја прави произволна и спротивна на начелото на Уставот на Република Северна Македонија за слободна пазарна економија, односно слобода на пазарот и претприемништвото.

Владата на Република Северна Македонија пред да ја донесе Одлуката, го разгледа Извештајот и анализата за утврдување на бруто профитна маржа во трговија на мало и трговија на големо подготвен од страна на Министерството за економија и труд - Државниот пазарен инспекторат.

Министерството за економија и труд - Државниот пазарен инспекторат во период од септември 2024 година до јануари 2025 година, изврши вонредни инспекциски надзори со цел анализа на цените на основни прехранбени производи и други производи кои секојдневно се употребуваат од страна на граѓаните. Анализата на цените и бруто профитните маржи во трговијата на мало и трговијата на големо Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат ја вршел во големите ланци на маркети меѓу кои Веро, Тинекс, Рамстор, Кит-го, Вива Фреш, Кипер, Кам и Стокомак како и локални ланци на маркети на територија на цела држава што опфаќа околу 700 подружници, односно продажни места.

Исто така, врз основа на производите кои се анализирани во маркетите, надзорот на инспекторите на Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат е извршен и кај трговците на големо – увозници и дистрибутерите, а потоа и кај производителите.

Во Извештајот и анализата за утврдување на бруто профитна маржа во трговија на мало и трговија на големо Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат има констатирано дека трговците на мало и маркетите користат маржи од 5% до над 20% кај основните прехранбени производи кои се нај обртни и од 20% до над 30% бруто профитни маржи кај основните непрехранбени производи, додека во трговијата на големо утврдени се повисоки бруто профитни маржи кои се движат од околу 17% до над 50%.

Во извештајот Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат има констатирано дека од направениот увид во бруто билансите за 2024 година на правните субјекти на надзорот, забележани се книжења на приходи, односно расходи за дополнително одобрени попусти коишто увозниците ги даваат на одредени ланци маркети, како и дека дел од производителите, увозниците и дистрибутерите кон сите маркети применуваат исти цени, додека одредени увозници применуваат различни цени кон секој ланец на маркети, што наведува до заклучок дека бруто профитните маржи кај овие субјекти се многу повисоки.

Владата на Република Северна Македонија врз основа на доставениот Извештај и анализа на Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат за утврдување на бруто профитната маржа во трговијата на големо и трговијата на мало, констатираше дека

одделни трговци вршат злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки, применувајќи енормно високи профитни маржи, така што малопродажните цени на одделни производи се повисоки и за 50% до 100% од увозните цени на истите производи, поради што ја донесе предметната одлука.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека оспорената Одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед бр.50-1909/4 од 18 февруари 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.38/25) е во согласност со член 8 став 1 алинеи 3 и 7, членот 50, членот 51 и членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како правно неоснована.

2. Од страна на д-р Валентин Пепељуговски и м-р Бојан Стоилков под УЗ.бр.13/2025 била поднесена Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед, бр.50-1909/4 од 18 февруари 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.38/25), со предлог Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 1, 2, 3, 4 и 5 од предметната Одлука и истата да ја поништи, односно укине како спротивна на Законот за трговија (*) и Уставот на Република Северна Македонија и посебен предлог Уставниот суд на Република Северна Македонија да изрече времена мерка со која ќе ја стави вон сила примената на оваа одлука, до донесувањето на одлуката по Иницијативата за оценка на уставноста и законитоста на истата.

Согласно наводите во Иницијативата, предлагачот укажува дека Одлуката е спротивна на член 8 став 1 алинеја 7 од Уставот на Република Северна Македонија и на член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи не е исполнета ниту една од четирите причини поради кои може да се ограничи слободата на пазарот и претприемништвото, а тоа се: одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина и здравјето на луѓето и не се исполнети со закон предвидените услови, бидејќи на Владата на Република Северна Македонија и стојат на располагање и други мерки.

Понатаму, според предлагачот на Иницијативата, во оспорената Одлука не е содржана причината поради којашто Владата на Република Северна Македонија ја донела оспорената Одлука, односно без да постојат причините од член 29 став 1 од Законот за трговија (*), што ја прави истата произволна, како и дека производите на кои се однесува оспорената одлука не се егзистенцијални производи. Според предлагачот Одлуката е спротивна и на член 4 и член 5 од Законот за трговија (*).

Владата на Република Северна Македонија смета дека ваквата Иницијатива е во целост правно неоснована, поради тоа што се неосновани наводите на предлагачот во Иницијативата дека Одлуката е произволно донесена, односно дека во оспорената Одлука

не е содржана причината поради којашто се донесува конкретната одлука, односно без да постојат причините од член 29 став 1 од Законот за трговија (*).

Имено, Одлуката е донесена имајќи го предвид членот 29 став 1 алинеја 3 од Законот за трговија (*), според кој „Владата може привремено да го ограничи вршењето на трговијата во случај нарушување на домашниот пазар заради злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки“.

Со оглед дека законското овластување за Владата на Република Северна Македонија да може да ги пропише конкретните мерки преку донесување на предметната одлука односно изричен правен основ за нејзино донесување е утврдено во член 30 став 1 алинеи 1 и 6 од Законот за трговија (*), а не во член 29 став 1 алинеја 3 од Законот за трговија (*), во кој е утврдена причината поради која привремено се ограничува вршењето на трговијата, се укажува дека истата не е наведена во оспорената одлука, од причина што не претставува предмет на уредување на истата според законскиот основ, а причината беше соодветно елаборирана во Образложението за донесување на предметната Одлука.

Воедно, Владата на Република Северна Македонија укажува дека не се основани наводите на предлагачот на Иницијативата, дека во Одлуката Владата на Република Северна Македонија не презентира каков било аргумент и анализа за нарушување на домашниот пазар заради злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки, што според предлагачот на Иницијативата ваквата Одлука ја прави произволна и спротивна на начелото на Уставот на Република Северна Македонија за слободна пазарна економија, односно слобода на пазарот и претприемништвото.

Владата на Република Северна Македонија пред да ја донесе Одлуката, го разгледа Извештајот и анализата за утврдување на бруто профитна маржа во трговија на мало и трговија на големо, подготвен од страна на Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат.

Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат во периодот од септември 2024 година до јануари 2025 година изврши вонредни инспекциски надзори со цел анализа на цените на основни прехранбени производи и други производи кои секојдневно се употребуваат од страна на граѓаните. Анализата на цените и бруто профитните маржи во трговијата на мало и трговијата на големо Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат ја вршел во големите ланци на маркети меѓу кои Веро, Тинекс, Рамстор, Кит-го, Вива Фреш, Кипер, Кам и Стокомак како и локални ланци на маркети на територија на цела држава што опфаќа околу 700 подружници, односно продажни места.

Исто така, врз основа на производите кои се анализирани во маркетите надзорот на инспекторите на Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат е извршен и кај трговците на големо – увозниците и дистрибутерите, а потоа и кај производителите.

Во Извештајот и анализата за утврдување на бруто профитна маржа во трговија на мало и трговија на големо Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат има констатирано дека трговците на мало, маркетите користат маржи од 5% до над 20% кај основните прехранбени производи кои се најобртни и од 20% до над 30% бруто профитни маржи кај основните непрехранбени производи, додека во трговијата на големо утврдени се повисоки бруто профитни маржи кои се движат од околу 17% до над 50%.

Во извештајот, Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат има констатирано дека од направениот увид во бруто билансите за 2024 година на правните субјекти на надзорот, забележани се книжења на приходи, односно расходи за дополнително одобрени попусти коишто увозниците ги даваат на одредени ланци маркети, како и дека дел од производителите, увозниците и дистрибутерите кон сите маркети применуваат исти цени, додека одредени увозници применуваат различни цени кон секој ланец на маркети, што наведува до заклучок дека бруто профитните маржи кај овие субјекти се многу повисоки.

Владата на Република Северна Македонија врз основа на доставениот Извештај и анализа на Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат за утврдување на бруто профитната маржа во трговијата на големо и трговијата на мало констатираше дека одделни трговци вршат злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки, применувајќи енормно високи профитни маржи, така што малопродажните цени на одделни производи се повисоки и за 50% до 100% од увозните цени на истите производи, поради што ја донесе предметната одлука.

Исто така, не се основани и наводите на предлагачот на Иницијативата дека Одлуката е спротивна на член 4 и член 5 од Законот за трговија (*).

Имено со Одлуката, трговијата и понатаму се одвива под еднакви услови на пазарот, на начин со кој не се попречува конкуренцијата, не предизвикува штета на потрошувачите и на животната средина и здравјето на луѓето.

Со Одлуката, не се ограничува трговијата, туку се ограничува висината на профитот кој трговците можат да го остварат.

Одлуката е и во согласност со членот 5 од Законот за трговија (*), бидејќи Одлуката е донесена имајќи го предвид членот 29 став 1 алинеја 3 од Законот, според кој „Владата може привремено да го ограничи вршењето на трговијата во случај нарушување на домашниот пазар заради злоупотреба во прометот на одделни производи и стоки".
Со Одлуката, не се нарушува шареноликоста на цените на пазарот, туку само се смалува разликата во цените на производите на пазарот.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека оспорената Одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед бр.50-1909/4 од 18 февруари 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.38/25) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 7 и членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна

Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како правно неоснована.

**Точка 22**

**1.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Скопје.

**2.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Охрид.

**3.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Казнено-поправната установа Затвор-Охрид.

**4.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Воспитно - поправениот дом-Тетово.

**5.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директорот на Казнено-поправната установа Затвор-Тетово.

**6.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Казнено-поправната установа Затвор-Гевгелија.

**7.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Бирото за развој на образованието.

**8.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директорот на Бирото за развој на образованието.

**9.** Владата го разреши Гоце Димовски од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**9.1** Владата го именува Гоце Димовски за директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**10.** Владата го разреши Азиз Максути од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**10.1** Владата го именува Азиз Максути за заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**11.** Владата го разреши Васко Станкоски од должноста вршител на должноста заменик-директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**11.1** Владата го именува Васко Станкоски за заменик директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**12.** Владата го разреши Аљи Сулимани од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини.

**12.1** Владата го именува Аљи Сулимани за директор на Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**13.** Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 април 2025 година заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, за комисионер – претседател на Комисијата за хартии од вредност да ја избере Бујаре Абази (професионално ангажирана).

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието на Република Северна Македонија се определуваат м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии.

**14.** Владата од должноста вршители на должноста вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје ги разреши:
-Гоце Мавчев
-Никола Ивановски
-Игор Милошевски
-Панче Јанев
-Даниел Георгиевски и
-Ељвис Муслији.

**14.1** Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје ги именува:
-Панче Јанев
-Гоце Мавчев
-Игор Милошевски
-Даниел Георгиевски
-Никола Ивановски и
-Ирфан Шабан.

**15.** Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје ги разреши:
-Татјана Димитров
-Катерина Бојковска
-Горде Стојановска
-Слаџана Куиќ и
-Сафие Иљази Мифтари.

**15.1** Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје ги именува:
-Татјана Димитров
-Катерина Бојковска
-Горде Стојановска
-Слаџана Куиќ и
-Сафие Иљази Мифтари.

**16.** Владата го разреши Хисен Бакиу, од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски – Сениќ – Скопје.

**16.1** Владата го именува Агим Љатифи за член на Управниот одбор - претставник на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски – Сениќ – Скопје.

**17.** Владата ја разреши Сарана Адеми од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија – Скопје, на нејзино барање.

**17.1** Владата го именува Седат Шериф, за член на Управниот одбор претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија – Скопје.

**18.** Владата го разреши проф. д-р Боро Џонов, од должноста член на Одборот за евалуација на високото образование.

**18.1** Владата го именува проф. д-р Тони Ристески за член на Одборот за евалуација на високото образование.

**19.** Владата го именува Ељвис Муслији за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

<u>**Точка 23**</u>

**1.** Владата ги разгледа предлог - заклучоците од Министерството за здравство, во врска со изменување на Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2025 година и ги задолжи Министерството за здравство, Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да се искоординираат по материјалот и истиот повторно да се разгледа на наредната седница на Владата.

**2.** Владата по повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со заклучокот од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 77 (Прашања и предлози), одржана на 11 март 2025 година (доставен во прилог), ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за европски прашања и Секретаријатот за законодавство, до наредната седница на Владата да постапат по истото.

**3.** По повод одржување на ЕКСПО 2027 Белград, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да спроведе повеќегодишна постапка за јавна набавка на услуги за осмислување и реализација на саемско претставување на државата на ЕКСПО 2027 Белград, во вкупен износ од 90.000.000,00 денари, со следнава динамика на плаќање:

- 10.000.000,00 денари во 2025 година,
- 60.000.000,00 денари во 2026 година и
- 20.000.000,00 денари во 2027 година.

2) Потребните средства за реализација на плаќањето во 2025 година се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во рамките на раздел 04001 Влада на Република Северна Македонија, Програма 1 - Администрација, Потпрограма 10 - Администрација.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални

години, во раздел 04001 Влада на Република Северна Македонија, Програма 1 - Администрација, Потпрограма 10 - Администрација, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**4.** Владата го одложи од разгледување Барањето за исполнување на обврските од Договорот за уредување на односите помеѓу Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје и управителот на Друштвото од 9.2.2024 година, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави мислење по истото.

**5.** Владата ги разгледа предлог-заклучоците во врска со обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија и одобрените заеми на приватните трговски друштва за финансирање на инвестиции и развој и ги усвои следните заклучоци:

1) Се задолжува Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во рок од три дена до Министерството за финансии да достави преглед со компании во кои Фондот има влог/акции со податок за процентот на учество во сопственоста во тие компании.

2) Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во рок од три дена до Министерството за финансии да достави преглед со компании во кои Фондот има влог/акции со податок за процентот на учество во сопственоста во тие компании.

3) Се задолжува Министерството за финансии во рок од три дена од добивањето на прегледите (податоците) од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да изготви сублимирана информација за бројот на компании и за процентот на влог/акции во сопственост на фондовите, врз основа на која ќе се направи проценка за евентуално вклучување на компаниите кои во структурата на својот капитал имаат одреден процент на влог/акции во државна сопственост да бидат корисници на средства од оваа кредитна линија.

**6.** Владата го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Изводокот од Нацрт-записникот од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 април 2025 година, донесен по Информација во врска со потребата од спроведување на постапка за јавна набавка на правни и инженерски консултантски услуги за инфраструктурни и други проекти според FIDIC договори", точка 25, го прифати и заклучи точка 2 од истиот, да се избрише и да се дополни со следните заклучоци:

„2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да подготви тендерска документација и отпочне постапка за јавна набавка на правни и инженерски консултантски услуги за инфраструктурни и други проекти според FIDIC договори, со следнава динамика на плаќање:

- 30.000.000,00 денари во 2025 година;
- 100.000.000,00 денари во 2026 година;
- 100.000.000,00 денари во 2027 година и

- 70.000.000,00 денари во 2028 година.

3. Потребните средства за реализација на плаќањето во 2025 година се обезбедени во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во рамките на Раздел 04001 Влада на Република Северна Македонија, Програма 1–Администрација, Потпрограма 10–Администрација.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во раздел 04001 Влада на Република Северна Македонија, Програма 1–Администрација, Потпрограма 10–Администрација, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.".

**7.** Владата го разгледа Барањето од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење за изменување на заклучокот од Изводокот од Нацрт – записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2025 година, точка 1, по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешноста на тема „Управување со државниот имот", со дополнување, го прифати Барањето и заклучи вториот став од заклучокот кој се однесува за подготовка на акцискиот план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија да се дополни со Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Комисија за станбени прашања.

**8.** Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од пет дена да ја прошири работната група за измени и дополнувања на Законот за странци со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Северна Македонија, со цел подобрување на одредбите кои ги регулираат условите и постапката под кои странци може да се вработуваат или да работат во државата, како и утврдување на можност за воведување на постапки со одредени олеснувања за дијаспората.

2) Се задолжува Министерството за економија и труд во рок од пет дена да ја прошири работната група за измени и дополнувања на Законот за вработување и работа на странци со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Стопанската комора на Северна Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија и Стопанската комора на Северозападна Македонија, со цел унапредување на одредбите кои ги регулираат условите и постапките за престој и вработување на странци, како и утврдување на можност за воведување на постапки со одредени олеснувања за дијаспората.

<u>**Точка 24**</u>

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“, како материјал за информирање.

**<u>Точка 25</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска на Извештајот за конкурентност за 2024 година на државите од Западен Балкан од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) - Извештај со предлог-мерки за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во димензија 6 (Образование), како материјал за информирање.

**<u>Точка 26</u>**

Владата го разгледа Акцискиот план со предвидени и преземени активности од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај бр.22-343/8 од 16 април 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија редовно, на полугодишно ниво да ја информира Владата за статусот на реализација на мерките и активностите за постапување по забелешките и препораките дадени од страна на Државниот завод за ревизија.

**<u>Точка 27</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во период од 1 октомври до 31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 28</u>**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2024 година, со Годишниот финансиски извештај за 2024 година за Буџетска сметка 160026150660319 и Сметка самофинансирачки активности 160026150678716, како материјал за информирање.

**<u>Точка 29</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за европски прашања на Република Северна Македонија и Министерството за европски прашања на Унгарија, со прилози и усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за европски прашања на Република Северна Македонија и Министерството за европски прашања на Унгарија.

2. Се овластува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за европски прашања на Република Северна Македонија и Министерството за европски прашања на Унгарија.

**Точка 30**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување на Законот за безбедност и здравје при работа, по скратена постапка.

**Точка 31**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита од вознемирување на работно место, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Точка 32**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување на Законот за работните односи.

**Точка 33**

Владата ја донесе Уредбата за управување со јавни инвестиции.

**Точка 34**

Владата повторно ја разгледа Информацијата во врска со доставените писма за интерес од единиците на локалната самоуправа за потребата од набавка на еколошки автобуси за јавен превоз, со табеларен преглед, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт веднаш да започне постапка за повеќегодишна јавна набавка на 120 еколошки автобуси за потребите на Град Скопје и општините во Република Северна Македонија, а распределбата да се изврши, согласно ургентноста, економската оправданост и реалните потреби на секоја од единиците на локалната самоуправа.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на 120 еколошки автобуси за градски превоз и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025, 2026, 2027, 2028 и 2029 година на Министерството за транспорт, за јавна набавка на 120 еколошки автобуси за градски превоз, во вкупна вредност од 2.767.500.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 2025 година - средства во износ од 307.500.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2026 година - средства во износ од 615.000.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2027 година - средства во износ од 615.000.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2028 година - средства во износ од 615.000.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2029 година - средства во износ од 615.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да отпочне постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на 120 еколошки автобуси за градски превоз.

3. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Е2 - комунална супструктура - станица за технички преглед на возила).

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Имотен лист бр.87906).

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Имотен лист бр.87939).

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Имотен лист бр.17195).

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Куманово (Имотен лист бр.87838).

## Точка 41

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Аеродром (Имотен лист бр.173362).

## Точка 42

Владата повторно ја разгледа Информацијата за спроведување и задолжување согласно склучен договор за набавка на изворен код, одржување и модернизација на информационен систем за управување со човечки ресурси ИСУЧР, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, да ги ажурираат податоците за своите вработени во ИСУЧР системот, во период од еден месец, а најдоцна до 30.4.2025 година.

2. Се задолжуваат органите на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, коишто немаат донесено правилник за внатрешна организација и правилник за систематизација на работни места, во рок од еден месец, а најдоцна до 30.4.2025 година, согласно законската обврска утврдена во Законот за вработените во јавниот сектор, да го донесат правилникот за внатрешна организација и правилникот за систематизација на работни места на својата институција и да го внесат во ИСУЧР системот.

3. Се задолжуваат органите на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, кои не го користат ИСУЧР системот за пресметка и исплата на плата, а имаат други софтверски системи за пресметка и исплата на плата, во рок од две недели, да достават податоци до Министерството за јавна администрација за рокот на важност на правно-обврзувачките важечки договори со други софтверски компании.

4. Се задолжуваат органите на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, кај кои пресметката на плата е во согласност со Законот за административни службеници, Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за заштита на децата, Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата, а кои во моментот не пресметуваат плата преку ИСУЧР системот да започнат со пресметување на плата преку ИСУЧР системот, согласно следната динамика:
- институциите од Прилог 1 да се приклучат на системот ИСУЧР во рок од два месеци, најдоцна до 30.5.2025 година;
- институциите од Прилог 2 да се приклучат на системот ИСУЧР во рок од три месеци, најдоцна до 30.6.2025 година;

- институциите од Прилог 3 да се приклучат на системот ИСУЧР во рок од четири месеци, најдоцна до 30.7.2025 година;
- институциите од Прилог 4 да се приклучат на системот ИСУЧР во рок од пет месеци, најдоцна до 30.8.2025 година;
- институциите од Прилог 5 да се приклучат на системот ИСУЧР во рок од 12 месеци, најдоцна до 30.3.2026 година.

5. Се задолжуваат Министерството за јавна администрација и Министерството за финансии, а му се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена, да формираат работна група составена од претставници на наведените институции, која ќе изработи матрица со коефициенти за пресметка на платите во сите здравствени институции во рок од шест месеци од формирањето на работната група, најдоцна до 30.10.2025 година.

6. Се задолжуваат органите на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, да не ги продолжуваат важечките, односно да не склучуваат нови договори за други системи за пресметка и исплата на плати со други софтверски компании.

7. Се задолжува Министерството за јавна администрација да воспостави и води регистар на вработените од јавниот сектор, согласно Законот за вработените во јавниот сектор и податоците од истиот да ги доставува на месечно ниво до Министерството за финансии-Управа за јавни приходи.

8. Се задолжуваат Министерството за јавна администрација и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи во рок од 30 дена од воспоставувањето на регистарот на вработените од јавниот сектор, да ја унапредат размената на податоци преку интероперабилност и да склучат договор за размена на податоци заради контрола (согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и Законот за даночна постапка) и потврда на МПИН месечната пресметка од Министерството за финансии-Управа за јавни приходи на бруто-плата на вработените, пред работодавачот во јавниот сектор да изврши исплата на бруто-плата кај давателот на платежни услуги.

9. Се задолжува Министерството за јавна администрација да обезбеди континуирана едукативна поддршка за корисниците на ИСУЧР системот и во рок од 30 дена, да ги извести секторите за човечки ресурси при органите на државната управа, институциите кои немаат статус на орган на државна управа и единиците на локалната самоуправа, за начинот и динамиката на спроведување на истата.

<u>**Точка 43**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање (MoP) за економска соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединети Арапски Емирати, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање (МоР) за економска соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединети Арапски Емирати.

2. Се определува министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Тимчо Муцунски, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање (МоР) за економска соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединети Арапски Емирати.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на чекорите од Реформската агенда 2024-2027 со рок јуни 2025 година (заклучно со 8 април 2025) и согласно расправата на седницата заклучи истата да се разгледа на тематска седница на Владата, која ќе се одржи на 22 април 2025 година (вторник) и на која усно ќе се реферира за статусот на реализацијата на чекорите од Реформската агенда 2024-2027 со рок јуни 2025 година.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:50 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |